РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-2729/1
17-04-2018 20 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство, промет и услуги
ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО
Бр. 0507-177/18
17.04. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 22 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот "Иловица", општина Босилово и општина Ново Село бр.24-40/2 од 13.01.2016 година и Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје на локалитетот „Иловица", општина Босилово и општина Ново Село бр.44-4192/1-17 од 06.03.2018 година („Службен весник на Република Македонија" бр.44/18),

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi (во натамошниот текст: Концедент) и**

**2. Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје, со адреса на: Бул.Партизански одреди бр.14-1/2/3 Скопје**
**застапувано од лицата Патрик Вилијам Форвард и Варшан Бабулал Гокул**
**(во натамошниот текст: Концесионер)**

**на ден __________ 2018 година во Скопје, склучија:**

**А Н Е К С**
**НА ДОГОВОРОТ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БАКАР И ЗЛАТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ИЛОВИЦА", ОПШТИНА БОСИЛОВО И ОПШТИНА НОВО СЕЛО**

**Член 1**

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот "Иловица", општина Босилово и општина Ново Село бр.24-40/2 од 13.01.2016 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје во членот 3 ставот 2 се менува и гласи:

„Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува P= 13.739528 km$^2$ /квадратни километри/".

**Член 2**

Составен дел на овој анекс на договор е и Топографска карта дадена во прилог на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци од кои по (6) шест примероци за Концедентот и по (1) еден примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот "Иловица", општина Босилово и општина Ново Село бр.24-40/2 од 13.01.2016 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот "Иловица", општина Босилово и општина Ново Село бр.24-40/2 од 13.01.2016 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје остануваат во сила, непроменети.

**Член 6**

Со денот на влегување во сила на овој анекс на договор престанува да важи Анексот на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот "Иловица" , општина Босилово и општина Ново Село бр.24-2323/1 од 27.03.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје.

**За ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Kreshnik Bekteshi**

**За КОНЦЕСИОНЕР,**
**Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје**
**Патрик Вилијам Форвард**
**Варшан Бабулал Гокул**

Изработил: Александра Митреска
Контролирал: м-р Јетон Кучи
д-р Ејуп Љатифи
Согласен: Зоран Павловски

## Топографска карта на концесиски простор

**1:50000**

**Локалитет:** Иловица - Босилово

**Минерална суровина:** Бакар и злато

**Површина = 13.739528 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7656000 | 4595759 |
| 2 | 7658463 | 4595759 |
| 3 | 7658374 | 4594599 |
| 4 | 7655205 | 4593000 |
| 5 | 7652701 | 4593000 |
| 6 | 7652701 | 4595383 |
| 7 | 7654562 | 4596857 |
| 8 | 7656000 | 4596857 |
| 9 | 7656000 | 4596000 |

| T | Y | X |
|---|---|---|
| 11 | 7653000 | 4594800 |
| 12 | 7653000 | 4594400 |
| 13 | 7656000 | 4595998 |